Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 16.01.2024

На 15.01.2024 околу 19.40 часот во с.Костурино, струмичко, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и гранични проверки Стар Дојран при Регионалниот центар за гранични работи Зуг го лишиле од слобода И.М.(30) од с.Градошорци, општина Василево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". Имено, околу 19.30 часот на регионалниот пат Р-1401, на место викано „Валандовско брдо", полициски службеници дале знак за запирање на две патнички возила „бмв", со белградски и со штипски регистарски ознаки, но возилата не застанале, по што во село Костурино возилото „бмв" со штипски регистарски ознаки, кое го управувал И.М., било запрено, а при преглед во него биле пронајдени седум лица мигранти од Сирија. За настанот бил известен јавен обвинител и по негово целосно расчистување и документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (16.01.2024) во 08.00 часот во Тетово, полициските службеници од СВР Тетово го привеле Ф.Ј.(48) од Тетово. Тој бил баран со судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето ќе биде предадено во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на затворската казна.

На 16.01.2024 во 02.40 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода О.И.(30) од Виница и Д.Д.(32) од Скопје. Тие се сомничат дека се употреба на сила влегле во повеќе деловни објекти во Куманово и одзеле различни предмети. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

На 15.01.2024 во 10.00 часот, полициски службеници од ОВР Дебар го привеле О.О.(30) од селото Голем Папрадник, општина Центар Жупа. Тој бил баран со наредба од Основниот суд во Дебар за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Струга за издржување на казната.

На 15.01.2024 во 01.25 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Т.(40) од Куманово. При претрес во неговиот дом извршен со судска наредба биле пронајдени 15 куршуми, марихуана и масло од хашиш. А.Т. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 15.01.2024 во 16.30 часот на подрачјето на Бит Пазар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ш.(27) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.01.2024 во 14.10 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го привеле К.С.(23) од Непал, затоа што при пасошка контрола и проверка било констатирано дека кипарската дозвола за престој, која ја дал на увид, била фалсификувана. По насока на Јавен обвинител тој бил пренесен во Прифатниот центар за странци во Скопје.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (15.01.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 124 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 13 санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, пет мерки за користење на мобилен телефон, шест санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

На 15.01.2024 во 15.00 часот во Полициската станица Драчево, Т.С.(54) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџи Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 15.01.2024 во 14.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Г.Т.(68) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 15.01.2024 во 21.00 часот во Полициската станица Драчево, С.З.(31) од с.Теово, општина Чашка, пријавил дека на ул.„Бранко Заревски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Ш.(55) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој, на катастарска парцела на улицата „Охридска бригада" во Охрид, спротивно од Законот за градење и без да поседува правосилно одобрение за градба издадено од надлежен Државен орган, извршил доградба на индивидуална семејна куќа.

На 15.01.2024 во 14.30 часот во СВР Куманово, 27 - годишен маж од Тетово пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 2.000 евра. Според пријавеното, лицето лажно се претставило како вработен во фирма за градежништво и, откако телефонски се договориле за купопродажба на градежен материјал во Куманово, му ги дал парите. Како што е пријавено, кога отишол во градежната фирма сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.01.2024, полициски службеници од СВР Тетово - Полициско одделение Тетарче, при преземање на мерки по претходно изготвен план за спречување и сузбивање на питачење, во тетовско Слатино при питачење ги затекнале и привеле Д.Б.(55), М.Р.(52), 53-годишната З.Д. и 51-годишната Ѓ.М., сите од Скопје. Лицата се задржани во полициска станица и се работи на документирање на случаите, по што против нив ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 15.01.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле санкционирани 23 прекршоци, од кои 15 надвор од населено место и 8 во населено место. Санкционирани биле и 14 други видови на прекршоци.

СВР Тетово денеска (16.01.2024) од 08.00 до 14.00 часот спроведе уште една акциска контрола, во која биле откриени и санкционирани 7 возила со неисправни сопирачки (ТЕ-5 и ГВ-2), 3 возила со неисправни светлосни уреди (ТЕ-1 и ГВ-2), 1 возило (ТЕ) со неисправен уред за управување и 2 возила со други технички недостатоци. Сите технички неисправни возила веднаш се исклучени од сообраќајот, а на возачите им се изготвени предвидените поднесоци со парични глоби од 400 евра во денарска противвредност. При контролата, исто така, санкционирани се и 7 возачи (ТЕ-5 и ГВ-2) кои ги управувале возилата без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа и 1 (ТЕ) возач-почетник кој не се придржувал на законските ограничувања за оваа категорија учесници во сообраќајот, како и 15 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-3).

На 15.01.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје, В.Ж.(39) од Скопје пријавил дека околу 17.30 часот на подрачјето на Кисела Вода во Скопје, по претходно недоразбирање во сообраќајот, физички бил нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Р.Н.(46) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 18.05.2023 во Кочани, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле пиштол „Црвена застава" калибар 7.65 мм и 50 куршуми муниција со калибар 7,65 мм, кои ги поседувал без дозвола.

На 15.01.2024 во 10.55 часот во СВР Скопје, М.Б.(35) од Скопје пријавил дека во автобус на ЈСП во населбата Радишани во Скопје, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од возачот на автобусот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.01.2024 во 20.00 часот во Полициската станица Битола, М.А.(32) од с.Долно Српци, општина Могила, пријавил дека на улица „Широк сокак" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 15.01.2024 во 12.00 часот во СВР Штип, К.С.(60) од Штип пријавил дека на 12.01.2024 околу 02.00 часот во казино на ул„Ванчо Прке" во Штип бил физички нападнат од едно лице кое се претставило како вработен во објектот. Известен е јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Р.Ш.(28) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 28.09.2023 во близина на с.Голиово, општина Чучер Сандево, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 15.01.2024 во 15.30 часот во ОВР Прилеп, С.С.(72)од с.Ропотово, прилепско, пријавил дека околу 13.40 часот во казино во Прилеп му биле одземени пари кои претходно ги добил при игра на апаратите во казиното. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.01.2024 во 16.40 часот во Полициската станица Битола, К.К.(32) од Битола пријавил дека во Градскиот парк во Битола бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Т.М.(55) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На објава поставена на социјалната мрежа Фејсбук, на 17.05.2023 пријавениот постирал коментар со кој промовирал или поттикнувал омраза и насилство.

На 15.01.2024 година во ОВР Кичево, Ф.И.(45) од кичевското село Горно Строгомиште пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.П.(33) и П.Т.(22), двајцата од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 14.01.2024 во Битола, полициски службеници извршиле преглед во патничко моторно возило „опел астра" со битолски регистарски ознаки, во кое бил П.Т. со уште две лица, при што пронашле и одзеле марихуана, која П.Т. претходна ја купил од Б.П..

Денеска (16.01.2024) во 00.50 часот во СВР Скопје, Е.М.(49) пријавил дека во негов авто плац во с.Арачиново, скопско, две лица предизвикале пожар, кој бил изгаснат од негов сосед. Од пожарот нема опожарени возила и нема повредени лица, а увид извршила екипа на СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (16.01.2024) во 11.00 часот во Полициската станица Карпош, М.Ј.(76) од Скопје пријавила дека на ул.„Волгоградска" во Скопје била касната од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против В.Ф.(60) и О.Ф.(28), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 02.10.2023 на крстосница од Качанички пат со бул.„Словенија" во Скопје, пријавените физички нападнале полициски службеници.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет